КИРСМ
КОМОРА НА ИЗВРШИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
КОМОРА НА ИЗВРШИТЕЛИ НА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 02-180/3-2
11.04.2023 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 78 став 1 точка к) од Законот за извршување („Службен весник на РМ" бр.72/15, 142/16, 233/18 и 14/20) Управниот одбор на Комората на извршители на РСМ на 240-та седница на Управниот одбор на КИРСМ одржана на ден 11.04.2023 година, го усвои следното:

## ПРАВНО МИСЛЕЊЕ

Доколку станува збор за извршен предмет пренесен од надлежност на суд во надлежност на извршител, согласно чл. 11 ст. 1 од Законот за измени и дополнувања на Законот за извршување од 2005 година донесен во 2009 година (Сл. весник на РМ, бр. 83/2009 од 03.07.2009 година), при приемот на извршниот предмет, извршителот го прима предметот во оној стадиум во кој бил пред судот и извршните дејствија преземени од судот имаат правна важност како да ги превземал извршителот што го продолжува извршувањето. Ако во списите на судскиот предмет има одлука на повисок суд со која се укинува решението на првостепениот суд со кое се дозволува извршување а со кое е определено конкретно средство за извршување, извршителот не може да продолжи да постапува по тој извршен предмет на начин што ќе превзема извршни дејствија кои што по редослед следуваат во однос на конкретното средство на извршување, односно не може да го продолжи спроведувањето на извршувањето и да премине кон следната фаза во извршувањето во однос на конкретното средство на извршување. Бидејќи решението со кое се дозволува извршување е укинато од страна на второстепениот суд, извршните дејствија преземени од судот нема да имаат правна важност како да ги превземал извршителот, туку извршителот врз основа на извршната исправа, во смисла на одредбите од чл. 28 од Законот за извршување од 2016 година (чл. 27 од Законот за извршување од 2005 година), ќе избере средства на извршување и предмети на должникот заради целосно извршување на извршната исправа.

Кога во текот на спроведувањето на извршувањето настапила смрт на странката или на нејзиниот законски застапник, извршувањето се прекинува (чл. 30 ст. 1 од Законот за извршување). Во овој случај доаѓа до прекин на извршувањето по сила на закон. Доколку извршителот во текот на извршувањето донел заклучок за прекин на извршувањето поради смрт на должник, таквиот заклучок на извршителот има деклараторен карактер и со него само се утврдува дека настанал прекин на постапката. Заклучокот на извршителот за прекин на извршувањето поради смрт на должникот, во ниту еден случај не може да се смета за налог за извршување спрема наследниците на должникот и врз основа на таквиот заклучок не можат да се преземаат извршни дејствија во постапката за извршување.

Како странки во постапката за извршување, односно како доверител и должник, по правило, се јавуваат само лица кои во извршната исправа се означени како доверител и должник. По исклучок, како странки во постапката за извршување можат да се јават и лица кои со квалификувани исправи докажале дека со сукцесија стекнале правна положба на доверител или должник. Во таа насока, Законот за извршување предвидува дека извршувањето се спроведува и по барање од лице кое во извршната исправа не е означено како доверител, ако тоа со нотарски акт, солемнизирана приватна исправа или друга јавна исправа докаже дека побарувањето е пренесено или на друг начин преминало врз него, а во случај тоа да не е можно преносот на побарувањето се

докажува со правосилна одлука донесена во парнична постапка. Ова законско правило согласно се применува и во однос на извршување против лице кое во извршната исправа не е означено како должник (чл. 19 ст. 1 и 3 од Законот за извршување). Ако станува збор за универзална граѓанскоправна сукцесија, во случај на смрт на лицето означено во извршната исправа како доверител или како должник, преминот на побарувањето се докажува со правосилно решение за наследување. Во случај на смрт на странката во текот на постапката за извршување, извршувањето се прекинува, а за прекинот на извршувањето извршителот ќе ги извести наследниците на странката, ако се познати и ако е познато нивното живеалиште или престојувалиште, како и противната странка (чл. 30 ст. 1 и 2 од Законот за извршување). Наследниците во постапката за извршување се легитимираат дека се странки во постапката со правосилно решение за наследување. Извршителот, по правило, продолжува да постапува по извршниот предмет и да превзема извршни дејствија согласно Законот за извршување спрема наследниците на должникот, доколку иститот располага со правосилно решение за наследување. Ако постапката за расправање на оставината на должникот не е поведена по службена должност, а наследниците во рок од 60 дена од денот кога настапила смртта на должникот, односно од денот на правосилноста на решението на судот за прогласување на исчезнато лице за умрено, не поднеле предлог за расправање на оставина, или наследниците не се познати, или не е познато нивното живеалиште или престојувалиште, извршителот ќе побара од Центарот за социјални работи без одлагање да им постави привремен старател на наследниците согласно со Законот за семејство (чл. 30 ст. 3 од Законот за извршување).

**КОМОРА НА ИЗВРШИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Претседател на Управен одбор,

Ванчо Марковски

Ул. Костурски херои бр.66/4 Скопје
тел. 02 3225 674 тел/фах 02 3239 877
e -mail: izvrsitelinarm@yahoo.com